**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**
**И НАУКА**
**Државен просветен инспекторат**
**Дел.бр. 09-4/2**
**Дата:16.01.2020 год.**
**Крушево**

| **ООУ„Страшо Пинџур “ с.Мало Коњари - Прилеп** | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 28 до 30.10.2019 година |
| **Број на извештај:** | 17 / Пелагониски регион / 2019 год/ |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Илија Илиески |
| **Вид на училиштето:** | основно |
| **Подрачни училишта** | 2 |
| **Основач на училиштето:** | Општина Прилеп |
| **Наставен јазик:** | македонски наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 148 |
| **Полова структура на ученици:** | 79 машки и 69 женски |
| **Број на наставници:** | 25 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Киро Павлоски |
| **Директор на училиштето:** | Ирена Кироска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | од 19 до 21.10.2016 година |
| **Адреса на училиштето:** | с.Мало Коњари |
| **Телефон:** | 048 / 48 34 18 |
| **Факс:** | 048 / 48 34 18 |
| **e-mail:** | pindzurstraso@yahoo.com |
| **Оценка ИЕ** | **2,69 ( добро)** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ бр. 52/05; 81/08; 148/09; 57/10; 51/11; 24/13; 137/13; 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ бр. 86/2006).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција, во период од 28 до 30 октомври 2019 година, тим од тројца државни просветни инспектори, спроведоа интегрална евалуација во работата на

ООУ „Страшо Пинџур“с. Мало Коњари - Прилеп. Цел на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето, примената на законите, како и други прописи и акти со кои е регулиран воспитно-образованиот процес. За време на надзорот беа посетени 25 наставници, се одржаа состаноци со директорот на училиштето, Училишниот одбор, Советот на родители, со претседатели на стручни активи, ученичка зедница и со стручната служба во училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, од анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека целокупната работа во училиштето се реализира **добро[1] (2,69).**

Наставата се реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, донесени од Министерот за образование, а наставата по наставните предмети математика, природни науки, хемија, физика и биологија се реализира според Кембриџ програмата. Задолжителната и изборната настава е застапена согласно наставниот план. Задолжително се реализираат програми за дополнителна и додатна настава. Во училиштето се реализира програма за хор.

Наставниците и родителите сметаат дека неделниот фонд на часови е голем, наставните програми се преобемни и има наставни содржини напишани на висок стил и неприлагодени спрема возраста на учениците.

Во училиштето во редовната настава вклучен се двајца ученици со посебни образовни потреби (ПОП). Училиштето има формирано училишен инклузивен тим, кој има изготвено програма за работа. Со учениците со посебни образовни потреби наставниците работат согласно индивидуалните образовни планови (ИОП) и имаат индивидуализиран пристап на работа. За наставниците не се реализирани обуки за изготвување на ИОП, работа со ученици со ПОП и работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето.

Во рамки на Годишната програма за работа на училиштето, добро се планираат и реализираат воннаставни активности за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците и во согласност со нивните потреби и интереси.

Училиштето имплементира активности за интеграција на еколошката едукација во наставната програма, како и активности од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците, според пол, по наставни предмети, паралелки и одделенија, низ квалификациони периоди во секоја учебна година. Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот со изградена политика за опфат на учениците.

Средниот општ успех на учениците на ниво на училиште, на крајот на учебната година, за последните три учебни години е мн.добар (4,09). Постигањата и редовноста на учениците како и изречените педагошки мерки се следат преку споредбени анализи за

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

сите квалификациони периоди. Во изминатите три учебни години нема ученици кои ја повторуваат годината.

Наставниците имаат изготвено годишни, тематски-процесни планирања и оперативни планови за час, за задолжителните и за изборните предмети. Планирањата на наставниците ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата.

Во наставниот процес, поголем број од наставниците користат различни форми, техники и методи на работа, кои се соодветни на потребите на учениците. Кај мал број од наставниците при реализација на наставата преовладуваат елементи на традиционална настава.

Училиштето не располага со спортска сала. Реализацијата на наставата по предметот ФЗО се реализира во прилагодена просторија, недоволно опремена со спортски справи и спортски реквизити и на оградени и асфалтирани спортски терени.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Учениците и вработените колективно се осигурани. Во училиштето има еден наставник со сертификат за давање на прва помош на лица при несреќи. Сите вработени лица во училиштето имаат реализирано обука од областа на безбедноста при работа. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата и на вработените лица. Во претходната учебна година, изведена е симулација за постапување во случај на пожар.

Во училиштето има усвоено кодекс за однесување на учениците, наставниците и родителите и куќен ред за однесување на сите вработени и во кои се дефинирани сите облици на однесување, на субјектите во воспитно образовнот процес.

Училиштето за оваа учебна година нема извршено дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишните објекти. Одржувањето на хигиената во училниците, ходниците, скалите и санитарните јазли е добра.

Во училиштето има пропишана процедура за грижа на здравјето на учениците и вработените и се вршат редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците. Исто така редовно се вршат систематски и санитарни прегледи на сите вработени во училиштето.

Во училиштето нема тим и програма за грижа за ученици од социјално загрозени семејства. Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјална загрозеност на нивните родители/старатели не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици. Училиштето повремено обезбедува материјални и финансиски средства за учениците од социјално загрозени семејства и тоа само доколку се обезбеди надворешна финансиска поддршка.

Наставниците водат уредна педагошка евиденција и документација за постигањата, редовноста и поведението на учениците.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Постои работна атмосфера за време на настава и воннаставните активности.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, што ја прави климата во училница добра.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и неговото трошење.

Училишен одбор е конституиран согласно Статутот на училиштето, формиран е од 9 члена. Бројот на членовите на УО не е во согласност со законот за основно образование. УО има изготвено деловник и програма за работа и работи согласно своите надлежности. Сите членови на УО имаат реализирано обука за успешно извршување на улогата на управување со училиштето. Училишниот одбор соработува со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури на училиштето.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб УСК „ДРИМ ТИМ СКУЛ“ с. Мало Коњари, Прилеп.

Училиштето има Статут заверен под број 01-266/1 од 01.11.2013 година и измени и дополнувања на Статутот заверен по бр.01-114/3 од 11.06.2019 год. со добиена согласност од Министерството за образование и наука (Решение Уп1 бр.18-1365 од 20.06.2019 година). Статутот на училиштето не е усогласен со Законот за основно образование ( Сл.весник на РСМ бр.161/19 год.)

За учебната 2019/2020 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа (дел.бр.01-151/3 од 29.08.2018 год.) и истата усвоена од Советот на Општина Прилеп.

Училиштето има изготвено самоевалуација за период од две учебни години (дел.бр.03-185/3 од 22.08.2018 год.) и Програма за развој за период од четири години (дел.бр. 01-160/5 од 20.06.2016 год.).

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното училиште „Страшо Пинџур“- с.Мало Коњари, општина Прилеп е централно училиште кое се наоѓа во с.Мало Коњари, и во чиј состав има две подрачни училишта и тоа: во с.Големо Коњари и с.Кадино Село. Наставата се изведува на македонски наставен јазик.

Училиштето е основано со решение бр.01-5577/1 од 27.06.1962 год. издадено од Секретаријат за општи служби и општа управа при Собрание на општина Прилеп.

Дејноста на училиштето за основно образование е верифицирана со решение број 09-110/1 од 17.03.1986г. издадено од страна на Министерството за образование и наука – Скопје.

Училиштето има извршено упис во Централен регистар на РМ (бр. 08-22/3373 од 06.09.2012г.) .

Во училиштето, во учебната 2019/20 год. од прво до деветто одделение, настава следат вкупно 148 ученици, распоредени во 17 паралелки. Наставата во централното училиште се изведува во две смени и тоа: во прва смена опфатени се следните одделенија: I, VI, VII, VIII и IX одд. и попладне две комбинирани паралелки од одделенска настава и тоа: II и III одд. и IV и V одд. Во централното училиште опфатени се вкупно 111 ученици.

Во подрачното училиште во с.Големо Коњари, наставата се изведува во една смена, со 4 паралелки од кои: една комбинирана паралелка од II и V одд. и три чисти паралелки во I, III и IV одделение. Во училиштето, оваа учебна година опфатени се вкупно 29 ученици.

Во подрачното училиште во с. Кадино Село, наставата се изведува со две комбинирани паралелки од кои: една комбинирана паралелка од I и II одд. и друга комбинирана паралелка од III и V одд. Во ПУ во с. Кадино Село, оваа учебна година опфатени се вкупно 8 ученици.

Училишните објекти во централното и подрачните училишта се од тврда градба и истите ги задоволуваат стандардите и хигиенско-техничките услови за непречено одвивање на наставата. Затоплувањето на објектите е со печки на дрва.

Оваа учебна година наставата ја реализираат вкупно 32 наставници, од кои 7 наставници дополнуваат од други училишта. Од вкупно 25 наставници кои се вработени во училиштето, 18 наставници се вработени на неопределено работно време, а останатите 7 наставници се вработени на определено работно време. Наставата по сите наставни предмети е застапена со наставници со соодветно образование, соглано Нормативите за наставен кадар.

# 1 .НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Наставата во ООУ „Страшо Пинџур“ - с. Мало Коњари, Прилеп, се реализира во согласност со наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Учениците од прво до седмо одделение

по наставните предмети математика и природни науки следат настава по нови наставни програми превземени и адаптирани од наставните програми на Кембриџ

Училиштето на родителски средби, на состаноци одржани со претставниците на советот на родители и преку изготвена брошура ги информира родителите, учениците и сите други заинтересирани субјекти за целите и промените на наставните планови и програми

Во редовната настава има вклучено 2 деца со посебни образовни потреби за кои има наод и мислење и за кои се изработуваат индивидуални образовни планови .

Во рамки на училиштето формиран е инклузивен тим кој има изработено Програма за работа.

Со измените во наставните планови и програми наставниците се запознаваат преку семинари што ги организира Бирото за развој на образованието, како и на состаноците на Наставничкиот совет и стручните активи.

Родителите реагираа на преобемност на наставните програми.

Покрај редовната настава во училиштето се реализира дополнителна, додатна настава и воннаставни активности во согласност со можностите и интересот на учениците.

Училиштето со помош на анкетни листови спроведува анкетирање на учениците за избор на предмети преку листа со понудени три изборни предмети. За учениците од I до III одделение во училиштето има изработено Проширена програма за прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовна настава и еден час по завршувањето на редовната настава, но поради спецификите на средината и интересот на родителите и учениците, истата делумно се реализира.

Во училиштето не се реализира програма за продолжен престој.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување ги следи стручната служба преку програма за стручно усовршување на наставниот кадар. Реализираните обуки ги евидентира во професионалното досие на наставниците. Кај поголем број од наставниот кадар преовладува мислење дека недоволно се обучени за работа со ученици со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето.

Планирањата на наставниците делумно се прилагодуваат на локалната средина. Тие се реализираат со посета на одредени објекти на локалната средина и др. Училиштето води грижа за постигнување на општите и посебните цели од наставните планови и програми дадени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Кај дел од наставниот кадар и од претставниците од редот на родителите преовладува мислењето дека дел од постојните наставни планови и програми се преобемни, а кај поедини предмети дел од наставните содржини не соодветствуваат за возраста на учениците.

На одржаните состаноци на стручните активи и наставничкиот совет се прибираат и разгледуваат мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.

Во училиштето има можност за интегративен пристап кон содржините кои можат да се вклучат во реализацијата на повеќе наставни предмети со цел да се подобри квалитетот на наставата.

## 1.3 Воннаставни активности

Во рамки на Годишната програма за работа на училиштето, добро се планираат и реализираат воннаставни активности за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците и во согласност со нивните потреби и интереси.

По препорака на предметните наставници или по сопствен избор и интерес учениците на ниво на училиште земаат учество на натпревари по одредени предмети со што придонесуваат за делумно добра афирмација на училиштето.

Со воннаставните активности опфатени се ученичките натпревари и конкурси, организација на излети и училишни екскурзии и слобони активности.

Во натпревари учениците имаат учествувано и тоа:

2016/17: македонски јазик, англиски јазик, народна техника математика, историја и Физичко и здравствено образование.

2017/18: ликовно образование, англиски јазик, македонски јазик, математика, народна техника, ,одделенска настава-меѓународен фестивал (Креативна чаролијаи фестивал на поезија) и Физичко и здравствено образование

2018/19: англиски јазик, македонски јазик, математика, хемија, биологија и Физичко и здравствено образование.

За постигнатите резултати постои извештај кој е составен дел на годишниот извештај број 01-140/4 од 19.08.2019 година

Учениците земаат учество на училишни, општински, државни натпревари од различни области.

Ограничувачки фактор во реализација на слободните ученички активности се просторните услови и преоптовареноста на настаниот план со голем број на часови.

Воннаставните активности во Годишната програма за работа на училиштето заземаат значајно место и ги одразуваат потребите, интересите и служат за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците. За одредување на интересот на учениците за воннаставните активности училиштето е вклучено во повеќе проекти и тоа: „Меѓуетничка интеграција во образованието“ „МИМО “, „ЕКО-проект “ и др.

Постигнатите знаења во редовната настава и воннаставните активности, учениците ги презентираат на web-страната на училиштето, училишниот весник „Виножито“, како и на родителски средби.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб УСК „ДРИМ ТИМ СКУЛ“ с. Мало Коњари, Прилеп.

Училиштето е вклучено во проектот за меѓуетничка интеграција и реализира активности со партнер училиштето ОУ „Никола Карев“- Крушево.

Училиштето со годишната програма за работа има планирано ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето има изготвено анализа за постигањата на учениците по наставни премети и класификациони периоди. Во полугодишните и годишните извештаи има показатели за постигањата на учениците по паралелки и по наставни предмети, по наставен јазик, како и споредбени анализи со предходни учебни години.

Во училиштето има показатели за успехот на учениците. Од показателте за посигањата на учениците по учебни години се констатира дека успехот во последните три учебни години е мн.добар. Во учебна 2016/17 година, општиот успех на ниво на училиште е 4,11, во учебната 2017/18 година 4.16 и во 2018/19 година изнесува 4.01. Најдобри постигања има по наставните предмети физичко и здравствено образование, техничко

образование и ликовно образование, а најслаби се постигањата по предметот физика, хемија, биологија и историја.

Стручната служба ги следи постигањата на учениците по учебни години, изготвува анализи по тримесечија, а на крајот на полугодие и учебна година секогаш на стручните органи во училиштето расправа по извештаите и ги анализира причините кои придонеле за постигатиот успех.

Училиштето ги следи постигањата на учениците при преминот од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование и изготвува преглед и анализа која се разгледува на стручни органи.

Училиштето им дава подршка и помош на учениците со послаб успех преку реализација на дополнителна настава. За учениците кои имаат потреба од проширување на знаењата и на надарените ученици им се нудат програми за додатна настава, но мал е бројот на ученици која ја посетуваат истата. Ограничувачки фактор во реализацијата на додатната и дополнителната настава, како и слободните ученички активности е оптовареноста на учениците се голем број на часови.

Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава, при што се изготвува анализа на постигањата на учениците по пол, наставни предмети, по етничка припадност и по наставен јазик, со конкретни заклучоци и предлог мерки.

## 2.2. Задржување, осипување на учениците

Училиштето располага со податоци за опфатот на учениците и презема мерки за целосен опфат на учениците од својот реон. За оваа учебна година опфатени се сите ученици во прво одделение од реонот на опфат.

Од страна на одделенските раководители и стручната служба се следи редовноста на учениците, се анализираат причините за оправданото и неоправданото отсуство од наставата и се преземаат активности за зголемување на редовноста.

Според направените анализи за просечниот број на изостаноци за изминатата учебна година се констатира дека вкупниот број на изостаноци во 2018/19 година е 2894 изостаноци, од кои 2828 оправдани и 66 неоправдани, односно 19 оправдани изостаноци по ученик и 0,44 неоправдан изостанци по ученик.

Во насока на подобрување на постигањата и редовноста на учениците во училиштето се организира советување на родители за што стручната служба води уредна евиденција (покани, записници од одржани состаноци, известувања и анализи). Стручната служба изработува квартален извештај за советување на родители и истиот редовно е доставуван до МОН. За учебна 2018/19 год. реализирани се советувања на вкупно 6 родители по однос на: намален успех и нередовно посетување на настава на нивните деца.

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно училиште во друго и поседува уредна документација.

## 2.3. Повторување на учениците

Во претходните учебни година нема ученици кои ја повториле годината.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирање на наставниците

Во годишните програми на стручната служба и на директорот се планирани активности за поддршка и следење на планирањата на наставниците. На наставнички совет дадени се насоки во планирањата да бидат застапени наставни содржини со примена на ИКТ (информатичко комуникациска технологија), користење на современи форми и методи во наставата, содржини од интеграција на еколошкото образование и меѓуетничка интеграција во образованието и друго. За подобро планирање на наставата, училиштето на наставниците им дава помош со тоа што им обезбедува учество на семинари и разни обуки во соработка со советници од БРО, соработка со стручната служба и инструктивна помошод страна на назначените наставници-ментори за наставниците-приправници. Од страна на психологот во училиштето, одржани се интерни обуки за дел од наставниците за изготвување на индивидуални образовни планови (ИОП) и работа со ученици со посебни образовни потреби (ПОП). Училиштето соработува со

стручно лице –дефектолог од ООУ „Климент Охридски“-Прилеп, за помош при изготовка на ИОП за учениците со ПОП. Но од разговорот со наставниците, се констатира дека наставниците имаат потреба од обука за начинот на изготовка на ИОП и работа со деца со ПОП.

За реализација на наставните планови и програми сите наставници имаат изготвено годишни-глобални, тематски планирања и оперативни планови за час. Годишните глобални, тематски планирања и оперативни планови за час по: математика, природни науки, биологија, хемија и физика, наставниците ги изработуваат според Кембриџ програмата. Освен редовната настава, наставниците ја планираат дополнителната и додатната настава, одделенскиот час, со содржини од програмата образование за животни вештини, програми за слободните ученички активности, екскурзиите и план за родителски средби.

Планирањата на поголем број од наставниците ги содржат неопходните елементи за успешна реализација на наставата. Истите имаат определени цели, форми, методи, техники на учење, очекувани резултати, начини на оценување, примена на ИКТ и др. Годишните и тематските планирања наставниците ги изготвуваат во рамките на стручните активи, поедини наставници индивидуално и во соработка со наставници од други училишта.

Наставниците кои работат со учениците со ПОП имаат изготвено индивидуални образовни планови, во соработка со инклузивниот тим на училиштето.

Распоредот на часови го изработува лице задолжено од страна на директорот на училиштето. При изготвување на распоредот на часови не се почитуваат интересите на учениците, односно има блок часови по предметите: физика, математика и македонски јазик. Стручната служба не е вклучена во изготовката на распоредот на часови. Во училиштето изготвен е распоред за дополнителна и додатна настава и истиот е истакнат на видно место во училиштето.

Училиштето има изготвено инструменти-евидентни листи за следење на планирањата на наставниците и евидентни листи за следење на час.

Планирањата на наставниците се добри.

### 3.2. Наставен процес

Од посетата на часови и разговорот воден со директорот и стручната служба, се констатира дека при реализација на наставата, наставниците користат различни форми, техники и методи на работа, кои се соодветни на потребите на учениците. Кај мал број од наставниците при реализација на наставата преовладуваат елементи на традиционална настава, отсуство на креативност како и слаба мотивација и ангажираност на учениците. Малиот број на ученици во паралелките, на наставниците им овозможува да работат индивидуално со учениците, со цел развивање на нивните индивидуални способности за учење и постигање на резултати. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста и предзнаењата на учениците. Во комбинираните паралелки од одделенска настава, дел од наставните содржини, наставниците ги прилагодуваат на потребите на учениците. Наставата по предметите: математика, природни науки, биологија, хемија и физика се реализира според целите, ресурсите и насоките на Кембриџ програмата. Во училиштето се реализираат часови по хор.

Училиштето е вклучено во проектот за реализација на ЕКО програмата. Формиран е Еко-одбор, Еко-патроли, донесен е Еко-кодекс, превземени се активности во едукација на учениците и сите вработени во училиштето за подигање на свеста за екологијата и нивна примена во практиката. Во планирањата за работа наставниците имаат изготвено содржини од ЕКО програмата.

Училиштето не расоплага со спортска сала. Наставата по предметот Физичко и здравствено образование, во централното училиште се реализира во приспособена просторија, недоволно опремена со спортски справи и спортски реквизити и на спортски терени во училишниот двор. Во подрачните училишта наставата по ФЗО се реализира на спортски терен, а во зимскиот период има прилагодување на наставната програма по ФЗО.

Реализацијата на дополнителната и додатната настава делумно задоволува, поради преобемниот наставен план со задолжителни и изборни предмети и поголем број на наставници кои работат во повеќе училишта. Додатната настава најчесто се реализира доколку се работи со ученици кои се подготвуваат за натпревари и други манифестации.

Во централното училиште во 8 училници има инсталирано одреден број на компјутерска техника, а во една училница поставена е SMART-табла. За учениците од одделенска настава во централното и во подрачните училишта се користат одреден број на лап топи за учениците. Во училиштето има интернет конекција.

Задачите што се работат на часовите најчесто се добро испланирани. Изборот на задачите и активностите е приспособен на образовните потреби на учениците. Со учениците со посебни образовни потреби наставниците имаат индивидуализиран пристап на работа и се работи согласно ИОП.

Планираните содржини од ЕКО програмата и проектот МИО се интегрирани во постојните наставни програми. Наставниците со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање.

Воспитно-образовната работа во училиштето се следи од страна на директорот, психологот и педагогот, преку посета на часови во текот на учебната година и увид во педагошката евиденција и документација. Секој наставник од страна на директорот или стручната служба се посетува на час од три до четири пати во текот на учебната година. Во училиштето се води евиденција од посета на час, со дефинирани стандарди за следење на наставен час, при што на наставниците им се дава пишана и усна повратна информација, најчесто непосредно по извршениот увид.

Реализацијата на наставата е добра.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Училниците во кои учат учениците се соодветни спрема бројот на ученици, добро осветлени, чисти и делумно уредени со ученички трудови. Најголем број од учениците ја доживуваат средината за учење како пријатно место, кое мотивира за постигање на добри резултати.

Учениците и родителите сметаат дека училиштето е безбедна средина за учење. Во поголем број училници и друг училишен простор, присутна е стимулативна средина за учење. Изработените трудови од учениците се изложени во училниците. Заедничкиот училишен простор е естетски уреден.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието, применливо во реалниот живот. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Поголем број од наставниците настојуваат да ги вклучат сите ученици во процесот на учењето според нивните способности.

Наставниците често им даваат можност на учениците да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите. Во поголем број случаеви мислењето на учениците се зема во предвид при решавање на проблеми и при одлучувањето. Учениците преку ученичката заедница повремено иницираат активности во училиштето.

Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка и интеракција меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Потребите на учениците се идентификуваат од страна на одделенските раководители, стручната служба, како и од останатите наставници во текот на наставниот процес. Стручната служба води разговори со наставниците и родителите чии деца покажуваат потешкотии во учењето, при што им укажува на начини како да им се помогне на тие ученици. Во училиштето нема идентификувани надарени и талентирани ученици. Во редовната настава во училиштето вклучени се двајца ученици со посебни образовни потреби. За учениците со ПОП наставниците работат согласно изготвените ИОП и имаат диференциран пристап на работа. Но од посета на часовите се констатира дека мал број од наставниците за време на часовите ги прилагодуваат наставните содржини согласно образовните потреби на учениците. Исто така, мал дел од наставниците планираат и реализираат диференцирани активности на час, за учениците со потешкотии во учењето.

Од спроведената анкета со репрезентативен број на ученици се констатира дека најголем број од анкетирани ученици, се согласуваат дека училиштето им помага да стекнат поголема самодоверба, предавањата и објаснувањата на наставниците се јасни, наставниците им даваат добри совети како да го подобрат својот успех и дека учениците се пофалуваат кога ќе направат нешто добро, учениците имаат можност да користат компјутери на часовите, наставниците им кажуваат колку добро напредуваат во учењето и дека учествуваат во секции и други активности кои ги организира училиштето.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците оценувањето на учениците го планираат во тематското-процесно планирање и оперативниот план за наставен час. Секој наставник по наставниот предмет што го предава, има изготвено критериуми за оценување и секој родител има можност да биде запознаен со критериумите на оценивање за секој наставен предмет. Од разговорот со членовите на Советот на родители се констатира дека родителите недоволно се запознаени со критериумите на оценивање за секој наставен предмет.

Секој наставник има изготвено критериуми за оценување на постигањата на учениците. Најголем дел од наставниците редовно им даваат повратна информација на учениците за нивниот напредок и постигања. Наставниците користат различни техники на оценување, каде учениците се вклучуваат во оценувањето. Наставниците кои му

предаваат на учениците со посебни образовни потреби, оценувањето на постигањата на учениците го вршат по прилагодени критериуми, во соработка со инклузивниот тим.Поголем број од наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

Учениците сметаат дека оценувањето е објективно и транспарентно. Поголем број од анкетираните ученици сметаат дека наставниците им даваат добри совети како да го подобрат успехот. Но мал дел од учениците сметаат дека наставниците не бараат многу знаење при оценувањето.

До наставнички совет и до училишен одбор нема доставено приговор од страна на ученик или родител по однос на оценка.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето редовно ги извесува родителите за напредокот на нивните деца. Наставниците прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и препораки за подобрување на постигањата на секој ученик посебно. За постигнатиот успех на нивните деца, родителите добиваат писмени и усни информации преку непосредни контакти на групни и индивидуални родителски средби, кои се организираат во текот на учебната година и на сопствено барање. Родителите се известуваат и писмено за постигнатиот успех по наставни предмети на тримесечие, на крајот на прво полугодие и крајот на наставната година. Наставниците ги известуваат родителите за постигањата на нивните деца и преку пишани информации по изготвена домашна работа, писмена работа, контролни задачи и тестови и друго.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишните згради во централното и подрачното училиште ги задоволуваат стандардите и хигиено-техничките услови за непречено одвивање на наставата. Инфраструктурата на училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреда на учениците и вработените лица. За оваа учебна година училишните објекти се осигурани. Училиштето има спроведено постапка за осигурување на вработените лица и учениците. Во училиштето има еден наставник со сертификат за давање на прва помош на лица при несреќи. Сите вработени лица во училиштето имаат реализирано обука од областа на безбедноста при работа. Училиштето има изготвено елаборат за проценка на ризик на работни места и програма за обука на вработените од областа на безбедноста и здравјето во училиштето.

Училиштето има изготвено План на мерки и активности за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. На видни места има поставено предупредувања и алармни светла. Училишниот објект во централното училиште е под видео надзор. Во претходната учебна година, изведена е симулација за постапување во случај на пожар. Училиштето располага со 7 против пожарни апарати (ППА), поставени во централното и 2 ППА поставени во ПУ с.Големо Коњари и еден апарат во ПУ с.Кадоно Село. Против пожарните апарати редовно се сервисираат. Училишните објекти не располагаат со хидранти. На објектот во централното училиште има поставено громобранска заштита.

Училиштето има пишани документи-кодекси со кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците, родителите и другите лица вработени во училиштето. Во училиштето нема регистрирано било каков облик на насилство од страна на учениците и возрасните. Во изминатата учебна година стручната служба со ученичката заедница има реализирано проект за насилно однесување и видови на насилство. Извршена е презентација за превентива од насилно однесување во училиштето и спроведени се анкети за родители, ученици и наставници за откривање на насилно однесување во училиштето.

Училиштето има пишани документи за забрана за пушење, конзумирање алкохол и наркотични супстанции. Одделенските раководители и стручната служба реализираат соодветни предавања за штетното влијание на зависноста од пушењето, алкохолизмот, наркоманијата и друго.

Во училиштето не се дистрибуира храна за учениците.

Училиштето има пропишани мерки за грижа на учениците со пречки во развојот. Во училиштето нема ученик или друго вработено лице кое има физичка попреченост. Пристапот во централното училиштето е приспособен за потребите на лица со физичка попреченост.

Во училиштето нема тим и програма за грижа за ученици од социјално загрозени семејства. Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјална загрозеност на нивните родители/старатели не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици. Училиштето повремено обезбедува материјални и финансиски средства за учениците доколку се обезбеди надворешна финансиска поддршка. Севкупната грижа на училиштето за учениците задоволува.

## 4.2. Здравје

Училиштето за оваа учебна година нема извршено дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор. Подовите во училниците, ходниците, скалите и санитариите, редовно се чистат. Одржувањето на хигиената во училниците, ходниците, канцелариите, санитарните јазли, спортската сала, училишните дворови, и во останатиот училишен простор во централното и во подрачните училишта задоволува. Во училниците, ходниците и во училишните дворови има поставено корпи за отпадоци, а училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето располага со средства за хигиена.

Во училиштето има програма за превенција од заразни болести. Преку конкретни насоки и предавања, се посветува внимание на воспитно делување врз учениците за стекнување на навики за одржување лична хигиена. За учениците редовно се вршат вакцинации и систематски прегледи. За оваа учебна година за сите вработени во училиштето е извршен систематски преглед, а претходната година е извршен санитарен преглед на вработените во училиштето.

Училиштето нема договорени процедури со кои ќе се дефинираат активности и одговорни лица за реализирање на определена активност за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од редовната настава.

## 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето располага со програма за професионална ориентација на учениците. Во рамките на програмата за советодавна помош на учениците за понатамошно образование, стручната служба спроведува анкета за професионални интереси за учениците од деветто одделение. Со резултатите од спроведената анкета се запознаваат родителите на нивните деца. Стучната служба ги информира учениците од IX одд. за конкурсот и условите за запишување во средните училишта и дава советодавна помош околу изборот на средни училишта. На отворените денови кои ги организираат средните училишта се врши презентација за образовните струки и профили кои се изучуваат во средните училишта. Стручната служба врши појаснување на струките и профилите кои се изучуваат во средните училишта, како и пресметување на бодови за упис во средно. Училиштето за учениците од IX одд. организира посета на средното училиште во Крушево како и посета на саемот на средни училишта во Прилеп.

Училиштето има пропишана процедура за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба има изготвено програма за работа со учениците со емоционални проблеми. Во претходната и оваа учебна година во училиштето нема идентификувани За спроведување на процедурите е одговорна стручната служба во училиштето.

## 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Во училиштето навремено се изготвуваат полугодишните и годишните извештаи за успехот и поведението на учениците. Целокупната евиденција и документација им е достапна на учениците, родителите и сите други заинтересирани страни. Запознавањето со постигањата на учениците се врши преку родителски средби, издавање на свидетелствата и евидентни листови. Наставниците подготвуваат редовни извештаи за успехот на учениците , по квартали, за својата паралелка. Извештаите според паралелки им се доставуваат на увид на педагогот и на раководниот кадар и се достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Основното училиште „Страшо Пинџур“с.Мало Коњари е препознатливо по долгата традиција на воспитно-образовна дејност, како и по постигањата на учениците и на наставниците. Наставниот кадар од ова училиште ужива респект кај родителите и учениците. Училиштето има изготвено Кодекси за однесување на наставници и ученици и Куќен ред за однесување на сите вработени и ученици, каде јасно се дефинирани сите облици на однесување на учениците и вработените. Истите се истакнати на видни места во училиштето. При изготвување на овие документи родителите и ученичката заедници редовно се ангажираат во изработката и донесувањето на истите.

Училиштето има пропишани процедури за постапување во случај на прекршување на правилата на однесување, пропишани со кодексите. Таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса. Во изминатите три учебни години изречени се мал број на педагошки мерки на ученици и истите се изрекуваат согласно интерниот Правилник за изрекување на педагошки мерки, со водење на записник за сторената повреда.

Во училиштето владее позитивна клима на меѓусебна доверба и почитување на сите вработени и се води политика на заемно почитување и рамноправност.

Раководниот и наставниот кадар имаат важна улога во воспоставување и почитување на односите меѓу наставниците и учениците. Соработката помеѓу стручните служби со наставниците и раководниот кадар не е на завидно ниво, поради дополнувањето на стручните соработници во друго основно училиште.

Дисциплината на учениците и работната атмосфера во училиштето е добра, на секој кат има дежурни наставници и се води евиденција на дежурствата.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Личните постигања на учениците, доделувања награди и пофалници во училиштето се промовираат на повеќе начини: при одбележување на патрониот празник на училиштето, на крајот од учебната година, на отворени средби со родителите и на други јавни манифестации на локално ниво. Во училиштето има поставено паноа и огласна табла во ходниците на кои се истакнуваат постигањата на учениците, освоени награди и пофалници, истакнување на личните творби, цртежи, песни и друго. Во училиштето има можности за промовирање на постигањата на учениците и истите се промовираат на своја веб страна и локалните медиуми.

Раководниот кадар, стручната служба како и наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето на учениците за натамошно мотивирање на учениците и за постигнување на подобри резултати во учењето.

Секоја учебна година учениците од своите ментори наставници се подготвуваат и учествуваат на натпревари на локално, регионално и републичко ниво. Училиштето има пропишан и развиен систем на наградување.

Училиштето има политика на потикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, републичко и меѓународно ниво.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Согласно одредбите од меѓународните права на децата, наставниците се запознаени со правата на децата, истите ги почитуваат и ги запознаваат учениците со нивните права. Во училиштето функционира ученичка заедница, која е избрана слободно и транспаретно со демократски принципи.

Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат сите ученици без разлика на половите, етничките, социјалните и други разлики.

Еднаквоста и правичноста меѓу учениците и наставниците е добра и постојано се запазува и негува и досега нема појава на етничка, полова и социјална дискриминација.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Во училиштето има пропишана процедура за соработка со родителите и истите активно учествуваат во работата на училиштето, преку советот на родители и преку Училишниот одбор. Родителските средби, нивното присуство и учеството во креирањето на училишниот живот се на завидно ниво.

Комуникацијата на училиштето со родителите не се сведува само на одржување на редовните родителски средби и на состаноците на органите и телата на училиштето, туку активно учествуваат во училишниот живот, во изборот на изборните предмети, при реализацијата на училишните екскурзии и други вонnаставни активности на нивните деца.

Соработката со локалната самоуправа, бизнис заедницата, владини и невладини организации е добра и се реализираат голем број проекти во инфраструктурата на

централното и подрачните училишта. Во подрачните училишта во с.Големо Коњари и во с. Кадино Село, целосно се реновирани училишните објекти.

Училиштето во соработка со локалната самоуправа во последниве три години има реализација на поважни проекти за подобрување на инфраструктурата и воспитно образовниот процес.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Просторни капацитети

Во училиштето воспитно образовната дејност се реализира во едно централно училиште во с. Мало Коњари и во две ПУ во с.Големо Коњари и во ПУ с. Кадино Село.

Вкупната корисна површина на училишните простории во централното училиште изнесува 585 м2, во ПУ с.Големо Коњари - 234м2 и во ПУ с.Кадино Село - 284 м2.

Објектите во централното и во подрачните училишта се од цврста градба и добро оддржувани. Наставата во централното училиште се изведува во две смени. Поради недостаток на училишен простор се организира настава во втора смена за учениците од одделенска настава. Наставата се реализира во училници, а предметна настава во училници и во кабинети, кои недоволно се опремени со нагледни наставни средства. Во училиштето има доволен број на клупи и столчиња и компјутери за сите ученици. Моментално во исправна состојба се 50 работни места на КТ, инсталирана во сите училници. Во кабинетот по информатика инсталирана е SMART табла. Санитарните јазли за учениците и наставниците во централното и подрачните училишта се реновирани. Во соработка со локалната самоуправа и невладини организации, во централното и во подрачните училишта во изминатите години извршена е реконструкција на подовите во сите училници. За време на летниот распуст молерисани се сите училишни простории. Од Проектот на Владата на РСМ за изградба на градинки во градските и руралните средини во подрачното училиште во с.Големо Коњари наменета е една училница за предшколска возраст. Поголем број од просториите во кои се реализира наставата ги исполнуваат условите и стандардите, а мал број простории во ПУ с.Големо Коњари делумно ги задоволуваат условите според нормативот за училишен простор.

Во централното училиште има мала просторија-училница, адаптирана за реализација на наставата по физичко и здравствено образование. Во дворот на училиштето како и во ПУ с.Кадино Село има спортски игралишта за мал фудбал и ракомет, додека во ПУ с.Големо Коњари училишни спортски терени нема, а за реализација на наставата по ФЗО се користи големото спортско игралиште на месната заедница кое граничи со училишниот

двор. Пристапна патека за лица со физичка попреченост има само во централното училиште.

Искористеноста на просторни капацитети во училиштето е добра.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со нагледни средства, наставни помагала, спортски справи и реквизити, делумно задоволува. Во последниве три години мал дел од нив се набавени, но и покрај тоа има недостиг од истите. Потребите училиштето ги идентификува преку прибирање на предлози од наставниците. Во финансискиот план предвидени се средства за набавка на нагледни средства и помагала, како и канцелариски материјали.

Во училиштето има училишна библиотека без читална. Книжниот фонд на библиотеката се состои од лектирни изданија, литература за учениците и наставниот кадар. Библиотеката располага со околу 2800 книги, од кои 1.421 наслови на книги, 1.060 лектирни изданија, 250 наслови со стручна литература и останатите се жанрови. Распоредот за работа на библиотеката е за секој работен ден, каде се ангажирани 5 вработени наставници со надополнување до полно работно време. Библиотечната евиденција уредно се води во пишана и Е-форма. Секција на млади библиотекари во училиштето сеуште не е формирана.

Потребите од наставни средства и материјали се утврдуваат на заедничките состаноци, стручни активи и преку анкетни листови кои се доставуваат до секој наставник кој е задолжен да ги наведе потребните материјали за успешно изведување на наставната програма. Директорот и стручната служба водат евиденција за потребите од наставни помагала и материјали за секој наставник. Според материјалните можности се набавува потрошен материјал за изведување на воспитно-образовниот процес. Училиштето со финансовиот план ја планира набавката на нагледни средства и училишни помагала, стручна литература и основниот потрошен материјал. Набавениот потрошен материјал ги задоволува потребите на училиштето и наставниците.

## 6.3. Обезбедување на наставен кадар

Училиштето за оваа учебна година има обезбедено доволен број на соодветен наставен кадар во согласност со Законот за основното образование и нормативот за наставен кадар. Наставниот процес во училиштето во учебната 2019/20 година го реализираат вкупно 32 наставници, од кои 7 наставници дополнуваат од други училишта. Во училиштето 18 наставници имаат засновано работен однос на неопределено работно време, а 7 наставници се вработени на определено работно време. Во оваа учебна година има еден наставник-приправник и согласно законските прописи му е назначен ментор кој има програма за следење во работата и напредокот. Стручната служба е составена од психолог и педагог кои дополнуваат и во друго училиште. Стручната служба го следи наставниот процес, напредокот на наставниците и учениците.

До денот на инспекцискиот надзор во училиштето за изведување на наставата по физичко и здравствено образование во прво одделение нема вклучено и наставник по физичко и здравствено образование.

При изборот на наставниот кадар не е констатирана родова, национална или друга дискриминација. Вработените го почитуваат работното време. Редовноста на техничкиот персонал и наставниот кадар ја следи директорот.

## 6.4. Кадар и следење на развојните потреби на кадарот

Со Годишната програма за работа на училиштето и Програмата за Развој е извршено планирање и програмирање на перманентно стручно усовршување на наставниот кадар, стручните соработници и на Директорот на училиштето. За активностите кои ќе се реализираат во ова програмско подрачје изготвена е посебна програма во која е планирано активностите да се реализираат преку посета на семинари и советувања организирани од БРО, следење на стручна литература, и преку работа на стручни активи. Училиштето ја следи работата на наставниците приправници преку одредување ментори, кои на приправниците им даваат помош преку следење и остварување на програмите.

Стручната служба поради дополнувањето во други училишта, не е присутна постојано да ги следи потребите на учениците и наставниците и да им ја дава својата подршка. Службата и Директорот на училиштето ја следат и анализираат работата на наставниците и нивните потреби за професионален развој. Во последниве три години голем број од наставниците имаат посетувано обуки и се стекнати со сетификати. Во училиштето по потреба се организираат дисеминации за наставениот кадар, од посетени семинари или обуки, каде не учествуваат сите наставници.

Мал дел од наставниците немаат посетувано обука за работа со деца со посебни потреби и деца со потешкотии во учењето кои се вклучени во редовната настава, но помош добиваат од стручната служба.

## 6.5. Финансиско работење во училиштето

Училиштето финансиски средства ги добива преку буџетот на локалната самоуправа. На сопствената сметка -787 во минатата и во оваа учебна година нема прилив на приходи од давање под закуп на училишен простор или имот.

Училиштето секоја година донесува финансов план како и извештај за финансиското работење на училиштето со одлука на Училишниот одбор. Училиштето редовно ги известува сите заинтересирани страни за своето финансиско работење за приходите и расходите на ж-ро сметките, како и планското и наменско трошење на средствата. Финансиското работење се контролира преку Училишниот одбор и книговодството. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Училиштето спроведува заеднички јавни набавки за превоз на учениците и огрев со другите училишта од општината. При спроведувањето на набавките се почитуваат одредбите од Законот за јавните набавки, а директорот со Решенија формира комисии за јавни набавки. Членовите на Училишниот одбор и Локалната самоуправа редовно се информираат за трошењето на буџетот, додека на родителите информациите им се даваат секогаш кога има барање од нивна страна.

# 7. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Во ООУ„Страшо Пинџур“ с.Мало Коњари, управува Училишен одбор кој не е конституиран согласно новиот Закон за основното образование. Училиштето има Статут донесен со измени и надополнување и усвоен од УО под бр.01-114/3 од 11.06.2019 година и имаат добиено Согласност од МОН за негова употреба со Решение Уп1 бр.18-1365 од 20.06.2019 година, но истиот не е усогласен со новиот Законот за основното образование од 2019 година. Според Статутот, Училишниот одбор е формиран и работи со 9 члена. Бројот на членови на Училишниот одбор не е конституиран согласно законот за основно образование.

Училишниот одбор работи согласно своите надлежности и Деловникот за работа со кој се организира работењето.Состаноците на УО се одржувани со законскиот кворум за работа. Сите членови на УО се информирани со одредбите од Законот за основното образование, во поглед како на органот на управување. Сите членови на УО имаат реализирано обука за успешно извршување на улогата на управување со училиштето.Училишниот Одбор соработува со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури на училиштето, а резултатите се на добро ниво.

Директорот на училиштето како раководен орган има професионален однос кон работата. Во својата програма како приоритети ги има ставено: подобрувањето на условите за работа во училиштето и постигањата на учениците, како и тимската работа во изготвување на проекти, развојниот план, самоевалуацијата и годишната програма за работа на училиштето. Директорот секогаш има целосна поддршка во раководењето и реализирањето на проектите за образовната политика на училиштето од сите структури на училиштето.

Управувањето и раководењето на училиштето има нагорна линија во развојот со реализацијата на одобрени проекти.

## 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа и истата е во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.

Наставниците, родителите и учениците се запознати со целите како и со начинот на нивно остварување но не се доволно вклучени во нивната реализација односно нивната вклученост е на доброволна основа и според нивните афинитети. Училиштето поставените цели добро ги дефинира и истите придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците.

Креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите се врши не само во рамките на органите и телата на училиштето, туку и во рамките на владини и невладини институции како и во локалната самоуправа. Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и учениците за подобрување на воспитно-образовниот процес и училишниот живот.

### 7.3. Развојно планирање

Планираните цели ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Училиштето има акциски планови со определени временски термини и тимови за реализацијана истите.

Училиштето има програма со кој се креира политиката за професионален развој на наставниците и стручните соработници, но нема обезбедено доволно финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на истите. Исто така училиштето планира обуки за добра мотивираност на вработените.

Училиштето редовно планира финансиски средства за обезбедување и набавка на нагледни средства и училишни помагала. Поголем број од нагледните средства не се во функција, се застарени за активна настава, а потребата од набавка на нови современи средства и помагала сите стручни активи ја побаруваат.

Училиштето по потреба интервенира и обезбедува средства од локалната и деловната заедница за подобрување на инфраструктурата на училиштето.

Развојното планирање во училиштето е добро. Училиштето има изготвено Програма за развој за период 2016-2020година, заверен под број 01-396/1 од 16.11.2016 година и Извештај за Самоевалуација на работата на училиштето, заверена под број-01-251/5 од 29.08.2019 година.

# Наоди и препораки

## Јаки страни

- Реализацијата на воннаставните активности се добри.
- Постигањата на учениците се добри.
- Поголем број од наставниците при реализација на наставата, користат современи интерактивни методи и форми на работа.
- Интеракцијата меѓу учениците и возрасните во училиштето е на добро ниво.
- Во училиштето владее позитивна клима на меѓусебна доверба и почитување на сите вработени.
- Дисциплината на учениците и работната атмосфера во училиштето е добра.
- Условите за работа во централното и подрачното училиште во последниве години значително се подобрени.
- Соработка со родителите, локалната и деловната заедница е добра.

## Слаби страни

- Недоволна обученост на наставниците за изготовка на ИОП и работа со ученици со ПОП и со ученици кои имаат потешкотии во учењето .
- При изготвувањето на распоредот на часови не се почитува најдобриот интерес на учениците.
- Училиштето располага со прилагодена просторија која не ги задоволува условите за изведување на квалитетна настава по физичко и здравствено образование и недоволно опремена со спортски справи и реквизити.
- Училиштето за оваа учебна година нема извршено дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор.
- Училиштето нема вработено наставник по физичко и здравствено образование за изведување на настава по ФЗО во прво одделение.
- Статутот на училиштето не е усогласен со Закон за основното образование.
- Бројот на членовите на Училишниот одбор не е конституиран согласно законот за основно образование.

## Препораки

- Училиштето да превземе мерки и активности за организирање на обуки за наставниците за изготовка на ИОП и работа со ученици со ПОП и работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето.
- Училиштето да превземе мерки и активности за изготовка на распоред на часови при што ќе се почитува најдобриот интерес на учениците.
- Училиштето да превземе мерки и активности за обезбедување на финансиски средства за изградба на училишна спортска сала.
- Училиштето да превземе мерки и активности за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор.
- Училиштето да превземе мерки и активности за обезбедување на согласност за вработување на наставник по физичко и здравствено образование за изведување на настава по ФЗО во прво одделение.
- Училиштето да започне процедура за измени и дополнување на Статутот на училиштето согласно закон.

- Бројот на членови на Училишниот одбор да се конституира согласно Закон за основното образование.

| | |
|---|---|
| Раководител на инспекцискиот тим | **Илија Илиески** |
| Инспектор | **Кире Ѓеоргиевски** |
| Инспектор | **Кочо Прчковски** |